Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-199/1
01.03.2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-374/1 од 06.07.2022 година, поднесена од [redacted] преку Адвокат [redacted] од Штип, за утврдување на индиректна дискриминација врз основ на образование во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 08.02.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на образование во областа на работа и работни односи од страна на ЈЗУ Клиничка болница Штип врз [redacted] и други вработени во ЈЗУ Клиничка болница Штип, Оддел за Радиодијагностика на работното место дипломиран радиолошки техничар.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 06.07.2022 година лицата [redacted] преку Адвокат [redacted] од Штип поднесоа Претставка бр. 08-374/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).
Во претставката се наведува дека подносителите на претставката се вработени во ЈЗУ Клиничка болница Штип, во Одделот за Радиодијагностика како дипломирани радиолошки технолози. Понатаму, во претставката се наведува дека во истиот оддел покрај подносителите на претставката работат и други здравствени работници на кои согласно измените на Колективниот договор за здравствена дејност, до распоредување и систематизирање на работно место со специјализирано високо стручно образование им е признат и им се исплаќа додаток на плата за образование. Додатокот на плата е во висина на разликата од бруто платата што се исплатува за поединечни работи, односно занимања како здравствени работници со високо образование до износот на бруто платата која се исплаќа за поединечни работи, односно занимања за здравствени работници со високо стручно образование (специјализирани во струката). Во претставката се наведува дека во извршувањето на нивните секојдневни работни обврски подносителите на претставката и здравствените работници на кои им е признат наведениот додаток на плата, вршат

исти работи, односно работат на сите испитувања што можат да се направат со магнетна резонанца и компјутерска томографија. Во таа насока, се наведува дека додатокот на плата согласно измените на горенаведениот Колективен договор има своја правна основа, но во пракса всушност прави состојба на индиректна дискриминација со оглед дека се извршуваат исти работни задачи и обврски од страна на здравствените работници. На тој начин, според истакнатото во претставката, подносителите на претставката се ставени во позиција на разликување, исклучување и ограничување при остварувањето на нивните права и слободи, поради нивниот образовен статус, а во поглед на извршувањето на работните задачи вршат идентични обврски на исто работно место, со иста медицинска апаратура, односно во пракса не се разликуваат од колегите здравствени работници кои го остваруваат додатокот на плата за образование. Согласно наведеното, во претставката се наведува и дека се исполнети условите од член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација за утврдување на продолжена дискриминација, па оттука се бара од Комисијата да се заложи за решавање на наведената состојба во претставката.
Кон претставката, во прилог во копии се доставени договори за вработување за подносителите на претставката, решенија за утврдување на плата, сертификати за завршена обука преку Здружение на радиолошки технолози на Македонија и две полномошна во оригинал.

Комисијата на 19.07.2022 година со Известување бр. 08-374/2 се обрати до ЈЗУ Клиничка болница Штип, со цел да се изјасни по наводите содржани во претставката, во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

ЈЗУ Клиничка болница Штип на 05.08.2022 година достави Одговор бр. 03-1430/2 од 03.08.2022 година до Комисијата. Во Одговорот се истакнува дека изнесените наводи во претставката се апсолутно неосновани и дека никаде во претставката не се наведува за каква дискриминација се работи и на кој начин подносителите се дискриминирани од страна на работодавачот. Понатаму, се наведува дека подносителите на претставката се со звање дипломиран радиолошки техничар со 180 ЕКТС и се распоредени согласно Правилникот за систематизација на работните места на ЈЗУ Клиничка болница Штип во Оддел за Радиодијагностика на работно место дипломиран радиолошки техничар со шифра ЗДР 03 01 Б03 003, за кое работно место се предвидени 180 ЕКТС. За нив како здравствени работници согласно нивното ниво на образование, односно здравствени работници со високо стручно образование (180 ЕКТС), во Колективниот договор за здравствена дејност во член 1 од измените и дополнувањето на истиот („Службен весник на РСМ" бр. 6/2020) во делот Занимања во VII група на сложеност, Подгрупа VII/1-а алинеја 2 се предвидува коефициент на сложеност кој изнесува 3.023 и платата на истите им се пресметува и исплаќа врз основа на таквиот коефициент. Понатаму, во Одговорот се наведува дека членовите 2 и 3 од измените и дополнувањето на Колективниот договор за здравствена дејност („Службен весник на РСМ" бр. 174/2021), се однесуваат на

признавање на стекнато високо стручно образование специјализирани во струката во периодот од 30.11.2015 година до 31.07.2021 година. Според ЈЗУ Клиничка болница Штип, пресметката и исплатата на плата во РСМ и со тоа кај нив, се врши согласно закон, колективен договор и Правилникот за систематизација на работните места на ЈЗУ Клиничка болница Штип, за кој Правилник согласност има дадено Министерството за информатичко општество и администрација, според степенот на образование како што е и кај подносителите, а секоја исплата надвор од таквите пропишани методологии за пресметка и исплата на плата би претставувало злоупотреба на службената положба и овластување на работоводниот орган во установата. На крајот, во Одговорот се наведува дека доколку подносителите на претставката сметаат дека некое нивно право од работен однос е повредено, истите имаат право на судска заштита.

Дополнително, Комисијата до ЈЗУ Клиничка болница Штип на 15.12.2022 година испрати и Барање на податоци бр. 08-374/4, со кое од установата се бараат податоци за сите вработени во Одделот за Радиодијагностика (со назив на работни места, звања и вид на образование), решенија за плати за сите вработени во Одделот за Радиодијагностика за претходните 2 години, број на вработени на кои им се исплаќа/пресметува додаток на плата согласно членови 68 и 68-а од Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службени весници на РМ и РСМ“ бр. 156/2007; 17/2009; 88/2009; 60/2010; 33/2011; 5/2013; 172/2014; 118/2015; 3/2016; 75/2016; 137/2016; 80/2018; 31/2019; 32/2019; 196/2019; 219/2019; 1/2020; 32/2020; 174/2021; 302/2021 и 244/2022) и важечка систематизација на работните места во Одделот за Радиодијагностика.

На 27.12.2022 година од страна на ЈЗУ Клиничка болница Штип, до Комисијата е доставен Одговор. Бр. 03-1430/5 од 22.12.2022 година со кој во прилог се доставуваат решенија за плати за сите вработени во Одделот за Радиодијагностика, решение за признавање и исплата на додаток за образование и табела со работни места, звање и образование за вработените во Одделот.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање,

уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Индиректна дискриминација согласно член 8 став 2 од Законот, постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.

Продолжена дискриминација, согласно член 4 став 1 точка 12 од истиот Закон, е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи и истата согласно член 13 од наведениот Закон претставува потежок облик на дискриминација.

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Комисијата, имајќи ги во предвид изнесените факти и околности од двете страни, од подносителите [redacted] и од ЈЗУ Клиничка болница Штип, како и обезбедените податоци во врска со конкретниот случај, ја утврди следната фактичка состојба:

Членот 55 од Колективниот договор за здравствена дејност на РМ утврдува дека работникот има право на плата. Платата на работникот му се обезбедува од средствата на работодавачот сразмерно на извршената работа, според бројот и видовите на извршените здравствени услуги и остварените средства од извршените услуги, како и придонесот на работникот во создавањето на добивката, во согласност со условите и критериумите утврдени со закон и овој Колективен договор. Платата на работникот е составена од основната плата, дел од платата за работната успешност и додатоците, ако со закон не е поинаку определено.

Во таа смисла, согласно член 58 од истиот Колективен договор, платата на работникот за полно работно време и нормален учинок, утврдено врз основа на сложеноста на работните задачи и нормалните услови за работа, не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одделни степени на сложеност, утврдени со член 61 од овој договор, која установата односно работодавачот се должни да ја исплатат на работникот.

Членот 61 од Колективниот договор определува дека најниската плата за одделни степени на сложеност се утврдува така што најниската плата за најнизок степен на сложеност се множи со следните коефициенти за одделни степени на

сложеност. Како степен на сложеност утврден според степенот на образование во смисла на овој колективен договор ќе се вреднува степенот на образование утврден како услов во Актот за организација и систематизација на работните места кај работодавачот. Додека ставот 3 од истиот член определува дека поединечните работи, односно занимања се класифицираат по групи на сложеност, притоа определувајќи групи и подгрупи за поединечни работи, меѓу кои и за поединечните работи, односно занимање за подносителите на претставката согласно горенаведеното работно место.

Односно:

„Занимања во VII група на сложеност
Подгрупа VII/1-а

- дипломиран социјален работник 2,885
- здравствени работници со високо стручно образование (180 ЕКТС) 3,023
- дипломиран педагог, дипломиран дефектолог, дипломиран психолог, дипломиран логопед, дипломиран биолог, дипломиран физичар, дипломиран сурдолог, дипломиран соматопед 2,885
- здравствен работник со високо стручно образование специјализиран во струката (180+60 ЕКТС) 3,058
- стручен соработник - дипл.педагог, дефектолог, психолог, логопед, биолог, физичар, сурдолог, соматопед, социјален работник 2,919
- дипломиран инжинер 2,948
- дипломиран хемичар и биохемичар 2,948
- самостоен стручен соработник педагог, дефектолог, психолог, логопед, биолог, физичар, сурдолог, соматопед, социјален работник 2,977.“.

Согласно член 68 став 2 од Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, работниците кои имаат засновано работен однос во јавна здравствена установа како и здравствените работници кои имаат засновано работен однос во казнено-поправни установи и воспитно-поправни установи, во кои се спроведуваат одредени мерки од здравствената дејност на примарно ниво за лицата сместени во нив, за поединечни работи односно занимања како здравствен работник со средно или више образование и кои со преквалификација или доквалификација се стекнале со високо стручно образование или со 180 ЕКТС или со високо стручно образование специјализирани во струката со 180+60 ЕКТС, од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, до распоредувањето на работни места за здравствени работници со високо образование остваруваат право на додаток на плата во висина на разликата од бруто платата што се исплатува за поединечни работи односно занимања како здравствен работник со средно образование со 180 ЕКТС или со високо стручно образование специјализиран во струката со 180+60 ЕКТС до износот на бруто плата пресметан со коефициент 2,748, започнувајќи со исплата на платата за месец јануари 2019 година.

Членот 68-а од истиот Колективен договор утврдува дека одредбата од член 68 се применува само на здравствените работници што се стекнале со високо стручно образование или со 180 ЕКТС и на здравствените работници што се стекнале

со високо стручно образование специјализирани во струката со 180+60 ЕКТС од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата заклучно со 31.07.2021 година.

[redacted] со звања дипломиран радиолошки техничар се вработени во ЈЗУ Клиничка болница Штип, во Одделот за Радиодијагностика на работно место дипломиран радиолошки техничар на оддел за радиодијагностика шифра ЗДР 03 01 Б03 003.

Видно од податоците – табела на ЈЗУ Клиничка болница Штип со вработени во Одделот за Радиодијагностика бр. 03-1430/4 од 22.12.2022 година, на таквото работно место во Одделот за Радиодијагностика се вработени вкупно 12 вработени со звање дипломиран радиолошки техничар.

Од овие 12 вработени на работното место дипломиран радиолошки техничар на оддел за радиодијагностика шифра ЗДР 03 01 Б03 003, на 11 им се пресметува и исплатува плата по вкупен коефициент од 3,144 (сложеност на работа 3,023 и услови потешки од нормалните 4% или 0,121).

Од вкупно 12 вработени, само на еден вработен му е признато правото на додаток на плата во согласност со членот 68 од Колективниот договор за здравствена дејност, односно платата му се пресметува и исплаќа со вкупен коефициент од 3,058. Видно од Решение на ЈЗУ Клиничка болница Штип бр. 04-4/109 од 20.10.2021 година, правото на додаток на плата согласно член 68 од Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, го остварува само здравствената работничка [redacted], дипломиран радиолошки техничар на оддел за радиодијагностика шифра ЗДР 03 01 Б03 003, сметано и започнато да се остварува со платата за месец септември 2021 година.

Согласно таквите околности и факти, Комисијата утврди продолжена индиректна дискриминација врз основа на образование спрема подносителите [redacted], но и воедно врз останатите вработени во Одделот со звања дипломиран радиолошки техничар, односно вкупно 11 вработени, сторена од страна на ЈЗУ Клиничка болница Штип.

Имено, Комисијата утврди дека од вкупно 12 вработени во Одделот за Радиодијагностика, само на едно лице во подолг временски период му се пресметувала и исплаќала повисока плата споредбено со останатите вработени, врз основа на членот 68 од горенаведениот Колективен договор. Ова од причини што лицето се имало стекнато со високо стручно образование специјализирано во струката (180+60 ЕКТС) и остварувало додаток на плата во висина од разликата на платата за работното место на кое е распоредено моментално до платата за работното место, односно занимањето за кое е определен повисок коефициент на сложеност во групата VII, Подгрупа VII/1-а за поединечни работа, односно занимање предвидено

како здравствен работник со високо стручно образование специјализиран во струката (180+60 ЕКТС).

Меѓу другото, смислата на одредбата од членот 68 став 2 од Колективниот договор за здравствена дејност на РМ се огледа во тоа што на вработените кои ќе се стекнат со повисок степен на образование им се признае право на додаток на плата, за да имаат висина на плата како за работно место со сложеност на работите соодветно за занимањето здравствен работник со високо стручно образование специјализиран во струката со 180+60 ЕКТС, посебно определено во подгрупата за сложеност на работите. Но, во истиот член таквото право е предвидено да го остваруваат до распоредување на работни места со сложеност на работи соодветни за поединечните работи, односно занимање определено како здравствен работник со високо стручно образование специјализиран во струката со 180+60 ЕКТС. Дополнително и во самото Решение на ЈЗУ Клиничка болница Штип бр. 04-4/109 од 20.10.2021 година, во диспозитивот е наведено дека здравствената работничка [redacted] дипломиран радиолошки техничар на оддел за радиодијагностика шифра ЗДР 03 01 Б03 003, правото на додаток на плата ќе го остварува до „распоредувањето и систематизирањето на работно место со специјализирано високо стручно образование".

Следствено, сите 12 вработени на работното место дипломиран радиолошки техничар на оддел за радиодијагностика шифра ЗДР 03 01 Б03 003 извршувале исти работи определени со Правилникот за систематизација на работните места во ЈЗУ Клиничка болница Штип 01-944/1 од 27.05.2019 година, односно работи со ист степен на сложеност определени за здравствени работници со високо стручно образование (180 ЕКТС). Всушност сите 12 вработени извршувале работа со еднаква вредност, а само еден од вработените на тоа работно место, здравствената работничка [redacted] остварувала плата во повисок износ од останатите 11 вработени и тоа во подолг период, односно од месец септември 2021 година.

Комисијата смета дека платата е заработувачка која е одраз на извршената работа, односно еквиваленција на вложениот трудот и истата треба да се утврдува соодветно на работите и нивната сложеност за конкретното работно место, додека посебните услови, меѓу кои и потребното образование и стручна спрема се утврдени услови кои се неопходни за вработување на работното место за извршување на работи со таков степен на сложеност. Всушност и во предметниот Колективен договор се утврдени занимања, како во конкретниот случај за здравствени работници со високо стручно образование (180 ЕКТС) и здравствени работници со високо стручно образование специјализиран во струката со (180+60 ЕКТС) за одделни поединечни работи со различни коефициенти на сложеност.

Впрочем и самиот член 55 од Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, утврдува дека платата на работникот е сразмерна на извршената работа, а комплементарно на тоа членот 58 утврдувајќи дека не може да се исплати

плата под износот на најниската плата утврдена за одделни степени на сложеност, определува дека платата на работникот за полно работно време и нормален учинок се утврдува врз основа на сложеноста на работните задачи и нормалните услови за работа. Дополнително на тоа и во самите решенија за плати за вработените во Одделот за Радијодијагностика на работното место дипломиран радиолошки техничар, платата се одредува според критериумите: сложеност на работа и услови потешки од нормалните.

Со непреземање на дејствија во еден предолг временски период, во однос на распоредување и систематизирање на соодветно работно место со специјализирано високо стручно образование, ЈЗУ Клиничка болница Штип ги ставила во нееднаква положба вработените во Одделот за Радиодијагностика на работното место дипломиран радиолошки техничар на оддел за радиодијагностика шифра ЗДР 03 01 Б03 003, односно 11 вработени биле во понеповолна положба во однос на еден вработен со тоа што за исти работи или работа со еднаква вредност остварувале пониска плата од вработената [redacted]

Оттука, ЈЗУ Клиничка болница Штип со таквата навидум неутрална практика ставила еден дел од вработените во Одделот за Радиодијагностика во понеповолна положба во споредба со друг вработен во Одделот врз основ на образование во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Иако, правото на додаток на плата за образование го има својот правен основ во Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, сепак договорните страни утврдиле одредено времетраење за остварување на правото, односно имплицитно претпоставиле на разумен рок за преземање на дејствија за систематизирање и распоредување на работно место соодветно за занимањето здравствени работници со високо стручно образование специјализиран во струката со 180+60 ЕКТС. Па оттука, предолгиот временски период во кој вработената [redacted] го остварува правото, не може да се смета за легитимна цел, односно период пропорционален за постигнување на таквата цел.

Горенаведеното е утврдено земајќи ја во предвид одредбата од членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно Комисијата ги сметаше за веројатни тврдењата на подносителите [redacted] за сторена индиректна дискриминација, па оттука товарот на докажување во конкретниот случај преминува на ЈЗУ Клиничка болница Штип како работодавач против кого е поднесена претставката. Следствено на тоа, ЈЗУ Клиничка болница Штип не го докажаа спротивното од тврдењата на подносителот, дека Правилникот за систематизација на работните места во ЈЗУ Клиничка болница Штип е соодветно прилагоден за работно место со сложеност за работи соодветни за занимањето здравствени работници со високо стручно образование специјализиран во струката со 180+60 ЕКТС, ниту пак дека се преземени соодветни дејствија во таа насока.

Понатаму, не докажа дека со определени дејствија здравствената работничка [redacted] е распоредена на работно место со сложеност на работи соодветни за занимањето здравствени работници со високо стручно образование специјализиран во струката со 180+60 ЕКТС. Напротив и во самиот Одговор бр. 03-1430/2 од 03.08.2022 година на ЈЗУ Клиничка болница Штип, се наведува дека подносителите, како и другите вработени во Одделот, се распоредени согласно Правилникот за систематизација на работните места на ЈЗУ Клиничка болница Штип во Оддел за Радиодијагностика на работно место дипломиран радиолошки техничар со шифра ЗДР 03 01 Б03 003, за кое работно место се предвидени 180 ЕКТС.

Од горенаведените причини, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

Се препорачува на работодавачот ЈЗУ Клиничка болница Штип во рок од 60 дена од денот на добивањето на мислењето да преземе соодветни дејствија за отстранување на индиректната дискриминација врз [redacted] и останатите вработени во Одделот за Радиодијагностика на работното место дипломиран радиолошки техничар со шифра ЗДР 03 01 Б03 003 кои се во понеповолна положба во споредба со вработената [redacted], со тоа што ќе ја отстрани нееднаквоста помеѓу вработените во Одделот и за истото да ја извести Комисијата.

НАПОМЕНА: Доколку во предвидениот рок во препораката, не се постапи по истата, Комисијата согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- ЈЗУ Клиничка болница Штип, ул. Љубен Иванов бр. 25, Штип
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk